




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**

**13-19 јули 2026 Билтен бр. 643**

## ЕФИКАСНИ МЕРКИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО КАРПОШ

**Инспекциските служби од Општина Карпош презедоа акција за спроведување на двосменски дежурства, во насока на превентивна контрола при одлагање на кабаст и несоодветен отпад во контејнерите на ЈП „Комунална Хигена". Оваа иницијатива произлезе од координативниот состанок кој претходно го организираше Град Скопје и општините во градот Скопје, каде беше договорено да се организираат вакви дежурства.**

**За време на акцијата, дежурните инспекциските служби кои работеа во две смени, вршеа контроли на повеќе критични локации низ општината, кои во оваа ситуација ги следеа активностите поврзани со одлагањето на кабастиот отпад, како и постапките за почитување на законските надлежности.**

**Со присуството на инспекциските служби на теренот низ општина Карпош се овозможи навремено постапување, а во случаите во кои беше забележано неправилно постапување на одложениот отпад, на правните односно на физичките лица им беа изречени прекршочни мерки. Оттука, во текот на месец мај и јуни беа изречени околу 30 казни за граѓаните кои не се придржувале кон пропишаните правила. Самата постапка говори за позитивниот ефект и придонесот за подобрување на фактичката состојбата со регуларното одлагање на отпадот.**



# ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО У.З. КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ

**Општина Карпош ја заврши комплетната реконструкција на детското игралиште кое се наоѓа во у.з. Кузман Јосифовски Питу, помеѓу зградите на улицата „Јуриј Гагарин“ бр.25 и 35.**

**Во рамки на реконструкцијата беа обновени сите детски реквизити и пропратната урбана опрема со што игралиштето доби нов, побезбеден и пофункционален изглед.**

**Со оваа инвестиција значително ги подобруваме условите за игра, рекреација и дружење на намладите жители на овој дел од општината.**

**Општина Карпош и во наредниот период ќе продолжи со реконструкција и обновување на останатите детски игралишта на целата своја територија.**

**Алепираме до сите граѓани совесно и одговорно да ги користат и чуваат детските реквизити и урбаната опрема, бидејќи нивното зачувување е заедничка одговорност и придонесува за побезбедна и поуредна средина за сите.**



# ОПШТИНА КАРПОШ И ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**14 ЈУЛИ**

**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и деканот на Градежниот факултет при УКИМ, проф.д-р Јосиф Јосифовски, потпишаа Меморандум за соработка со кој се воспоставува партнерство насочено кон размена на знаења, стручна поддршка и реализација на заеднички проекти. Овој Меморандум е основа за соработка во изготвување на стратешки документи, студии и анализи од областа на градежништвото, геодезијата и геотехничкото инженерство, а воедно предвидува и соработка во делот на практичната настава и професионалниот развој на студентите, можности за нивно стипендирање, како и поддршка при изработка на научни трудови од интерес на општината. Општина Карпош, преку ова партнерство, ја потврдува својата заложба за соработка со високообразовните институции и користењето на стручната експертиза во креирањето на квалитетни решенија за подобрување на условите за живот на граѓаните.**



## БЕСПЛАТНО ОДЛАГАЊЕ НА КАБАСТ ОТПАД ВО ЦЕНТАРОТ ЗА СЕЛЕКЦИЈА ВО КАРПОШ

**Општина Карпош ги известува своите жители, дека се уште можат да го одлагаат кабастиот отпад од своите домаќинства во пунктот на ЈП Комунална хигиена – Скопје, кој се наоѓа во населбата Карпош 3 на бул. Илинден (позади бензинската станица „Макпетрол“, во непосредна близина на СЦ „Борис Трајковски“). Во таа насока, ги информираме граѓаните дека можат самите да го одложат кабастиот отпад (од 07 до 19 часот, секој ден во неделата), во којшто спаѓаат стариот мебел, душеци, кревети и слична покуќнина, електронски и електрични апарати, санитарија, дрвенарија, (прозорци, врати и сл.), без да платат паричен надоместок.**
**Доколку не се во можност да го сторат тоа, карпошани можат да закажат услуга до ЈП Комунална хигиена, која со специјални комунални возила ќе го преземе и транспортира кабастиот отпад од нивните домови. Оваа услуга се наплаќа, а термините за закажување се од понеделник до петок, во период од 07 до 15 часот на следните телефонски броеви: 0800 222 33 и 3216 644.**
**Притоа потсетуваме дека кабастиот отпад е крупен отпад од домаќинствата, кој поради својата димензија, тежина и волумен не треба да се фрла (одложува) во стандардните контејнери за комунален отпад. Од ЈП Комунална хигиена – Скопје предупредуваат дека секое одлагање отпад на јавни и сообраќајни површини претставува прекршување на Законот за јавна чистота и подлежи на санкции, а ваквото несовесно однесување може да резултира со исклучително штетни последици за животната околина и јавното здравје. Затоа да бидеме одговорни и совесни, како би можеле заедно да придонесеме во одржување на здравата околина во која живееме.**



# ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ОПШТИНА КАРПОШ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ДЕНОТ НА ОПШТИНА ВРЊАЧКА БАЊА

**По повод Денот на Општина Врњачка Бања, делегација од Општина Карпош, предводена од градоначалникот Сотир Лукровски, присуствуваше на свеченото одбележување на празникот.**

**Упатуваме искрени честитки до раководството и граѓаните на нашата збратимена Општина Врњачка Бања, со желби за понатамошен развој, успех и благосостојба.**
**Оваа посета претставува уште една потврда за цврстото партнерство и продолжувањето на соработката меѓу двете збратимени општини.**
**Во наредниот период ќе продолжиме да ја унапредуваме соработката преку размена на искуства, добри практики и реализација на заеднички активности и проекти во повеќе области, во интерес на граѓаните на двете локални самоуправи.**



# НОВ ЧЕКОР КОН ЗЕЛЕН И МОДЕРЕН КАРПОШ

**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски потпиша меморандум за соработка со компанијата Avant Car, за реализација на проект, поточно за давање на услуга со воведување и имплементација на Систем за дистрибуција на електрични автомобили. Согласно своите надлежности, Општина Карпош ќе ја разгледа можноста за изнаоѓање на паркинг места и локации за поставување на електрични полначи, кои ќе бидат во функција на проектот.**

**Во насока на промоција на проектот „Car Sharing“, фирмата Avant Car даде на користење едно електрично возило за потребите на Општина Карпош. Потпишувањето на Меморандумот, меѓу другото значи дека двете страни се залагаат за подобар квалитет на амбиенталниот воздух, намалување на автомобилскиот метеж и подобро користење на јавниот превоз.**

**Општина Карпош останува посветена на креирање безбедна средина за сите граѓани преку активности и соработка со сите надлежни институции.**

**Општина Карпош останува посветена на создавање на современа, функционална и поттикнувачка средина за раст и развој на најмладите како и квалитетен живот на сите жители.**



# МЕЃУНАРОДНИОТ ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „СКУПИ“ ГО ОБЕДИНИ СВЕТОТ ВО КАРПОШ

**Во рамки на јубилејното 20. издание на Меѓународниот фолклорен фестивал „Скупи“, кој годинава се одржува од 13 до 17 јули, на плоштадот „Делфина“ во Влае, беше реализирана фестивалската програма во Општина Карпош. Пред бројната публика настапија фолклорни ансамбли од Бугарија, Украина, Хрватска, Мексико и Костарика, кои преку музика, игра и традиционални носии го претставија своето културно и фолклорно богатство.**

**На настанот присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој им посака добредојде на учесниците и ја истакна важноста на овој фестивал. „Особена чест и задоволство ни е што Општина Карпош е домаќин на дел од програмата на јубилејното 20. издание на Меѓународниот фолклорен фестивал „Скупи“. Овој фестивал обединува ансамбли од повеќе земји и континенти, носејќи ја убавината на различните култури, традиции и обичаи. Преку песната, играта и фолклорот градиме мостови на пријателство, меѓусебно почитување и културна соработка, испраќајќи силна порака дека различностите се наша заедничка вредност“, истакна Лукровски.**

**Фестивалот е финансиски поддржан од локалната самоуправа, со средства предвидени во Програмата за култура на Општина Карпош. Општина Карпош останува посветена на поддршката на културните настани кои ја негуваат традицијата, ја промовираат културната разновидност и го збогатуваат културниот живот во Карпош.**



# ИЗЛОЖБА НА УМЕТНИЧКИ ДЕЛА НА КАСИОПЕЈА НАУМОСКА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Во фоајето на Општина Карпош беше отворена изложбата на академската сликарка Касиопеја Наумоска, на која се претставени 12 авторски дела што го отсликуваат нејзиниот автентичен уметнички израз.**

**На отворањето присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој истакна дека за Општината претставува чест да биде домаќин на ваков културен настан и да им овозможи простор за промоција на домашните уметници.**

**„Преку своите дела, Касиопеја Наумоска ни го претставува својот препознатлив уметнички израз. Изложбата ќе биде отворена во текот на наредната недела и ги поканувам сите граѓани да ја посетат. Заедно да продолжиме да ја негуваме уметноста како важен дел од културниот идентитет на Карпош“, истакна Лукровски.**

**Изложбата ќе биде отворена за посетители во текот на наредната недела, а влезот е слободен за сите заинтересирани граѓани.**

**Општина Карпош континуирано обезбедува финансиска и логистичка поддршка за културни проекти, уметници, културно-уметнички друштва и други иницијативи кои придонесуваат за развојот и збогатувањето на културниот живот во локалната заедница.**



# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ФИЛМСКА НЕДЕЛА- КАРПОШ КИНО НА ОТВОРЕНО

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за Филмска недела- Карпош кино на отворено**

**Целта на активноста е унапредување и развој на културата во Општина Карпош.**
**Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на програмската активност е во износ од 200.000,00 денари, предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.**
**Право на учество имаат сите заинтересирани правни и физички лица од државата кои ја опфаќаат дејноста филм и филмска продукција, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.**
**Подносителите потребно е да доставаат барање со основни информации и тоа:**

**Име и презиме (физички лица), адреса, телефонски број, е-маил адреса, трансакциска сметка**
**име на организација (правни лица), адреса, телефонски број, е-маил адреса, лице за контакт**
**жиро сметка на здружението**
**краток опис на организацијата**
**предлог – проект**
**потребен буџет**
**досегашни организирања на кино на отворено**
**број на понудени филмови**
**популарни, атрактивни хит наслови**
**правното или физичкото лице потребно е да обезбеди комплетно техничка опрема за изведување на филмските проекции.**
**Еден подносител може да достави еден или повеќе предлог – проекти.**
**Секој предлог – проект потребно е да биде доставен со посебно барање и посебен архивски број.**

**Јавниот оглас се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош и печатени медиуми.**
**Периодот на реализација помеѓу 21.08.2026 година и 27.08.2026 година.**
**Начин на пријавување:**
**Заинтересираните правни и физички лица потребните документи да ги поднесат во Архивата на Општина Карпош во затворен плик со назнака за Филмска недела – Карпош кино на отворено заклучно со 24.07.2026 година, до 15.30 часот.**

**Условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиската поддршка ќе се уреди со претходно изготвен правилник за оваа намена.**

# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2026

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за Карпошово културно лето 2026**

**Целта на манифестацијата е унапредување и развој на културата во Општина Карпош.**
**Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на програмската активност е во износ од 2.500.000,00 денари, предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.**
**Право на учество имаат сите заинтересирани правни и физички лица од државата и пошироко кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко. Исто така комисијата може да покани учесници за кои ќе процени дека одговараат за потребите на овој настан.**
**Подносителите потребно е да достават барање со основни информации и тоа:**

**Име и презиме (физички лица), адреса, телефонски број, е-маил адреса, трансакциска сметка**
**име на организација (правни лица), адреса, телефонски број, е-маил адреса, лице за контакт**
**жиро сметка на здружението**
**краток опис на организацијата**
**предлог – проект**
**потребен буџет**
**Еден подносител може да достави еден или повеќе предлог – проекти.**
**Секој предлог – проект потребно е да биде доставен со посебно барање и посебен архивски број.**

**Јавниот оглас се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош и печатени медиуми.**
**Периодот на реализација помеѓу 20.08.2026 година и  30.08.2026 година.**
**Начин на пријавување:**
**Заинтересираните правни и физички лица потребните документи  во затворен плик да ги поднесат во Архивата на Општина Карпош со назнака за „Карпошово културно лето 2026“  заклучно со 24.07.2026 година, до 15.30 часот.**

# ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ И ЗАМЕНА НА ОШТЕТЕНИ ЗАШТИТНИ СТОЛБЧИЊА

**Општина Карпош продолжува со поставување нови и замена на оштетени заштитни столбчиња на повеќе локации низ својата територија.**

**Во изминатите денови беа поставени пластични столбчиња на влезот на ТЦ „Лептокарија“ (Карпош 3), како и метални столбчиња долж пешачката патека покрај студентскиот дом „Гоце Делчев“ (Тафталиџе 2).**
**Со оваа редовна активност Општината има за цел да ја спречи узурпацијата на јавниот простор, да овозможи непречено движење на пешаците и да ја зголеми безбедноста на сите граѓани.**

